Врз основа на член 10 од Законот за Стопанската комора на Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 89/04) и член 15 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, Собранието на Комората, на седницата одржана на 10.03.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на основицата за пресметување и стапката на придонесот (членарината) за Стопанската комора на Македонија**

Член 1

Основица за пресметување на придонесот (членарината) што ја плаќа секој член на Стопанската комора на Македонија преставува вкупниот износ на исплатената бруто плата на вработените во правното лице - член на Стопанската комора на Македонија.

Член 2

Стапката за пресметување на придонесот (членарината) за Комората изнесува 0,12%.

Износот на придонесот (членарината) за Стопанската комора на Македонија пресметан според оваа одлука не учествува во формирањето на бруто основицата за пресметување на придонесите и даноците од платите.

Износот на пресметаниот придонес (членарина) се уплатува при секоја исплата на платите од страна на правното лице - член на Комората, на жиро сметката Стопанска комора на Македонија 300000000719194 - депонент Комерцијална банка А.Д. - Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во гласилото и на ВЕБ страницата на Стопанската комора на Македонија.

Бр. 07-1018/7
10.3.2005 год.
С к о п ј е

Претседавач,
Савка Димитрова с.р.